Центар
за истражување
и информирање
за животна средина
„ЕКО-СВЕСТ“ СКОПЈЕ

# ОТВОРЕН ПОВИК ДО МЛАДИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

## за доставување на понуди за продукција и реализација на активности кои вклучуваат младинско учество

**Основни информации**

Центарот за истражување и информирање за животната средина „Еко-свест“ во рамки на проектот „БИТОЛА БЕЗ ЈАГЛЕН“ има потреба од продукција и реализација на низа активности кои вклучуваат младинско учество, кои реално ќе ги претставаат еколошките проблеми од работата на термоцентралите на фосилни горива и ќе иницираат локална и национална дебата за иднината на регионот без употреба на јагленот.

**Цел на активноста**

Ангажираната страна ќе биде одговорна за развивање, продуцирање и изведба на активности со младинско учество од информативен, едукативен и уметнички карактер кои ќе придонесат за вклучување на млади во зголемување на свесноста за штетните последици од работењето на термоцентралите на фосилни горива по животот на луѓето и животната средина.

Се предвидува да се изведат најмалку 2 (две) различни активности на најмалку 2 (две) различни локации на територијата на и околу Битолскиот регион.

Активностите кои ќе бидат предмет на продукција и реализација треба да биде копродукција помеѓу Еко-свест и ангажираната страна.

Еко-свест нема да разгледува понуди и предлози во кои активностите на тема поврзана со подигнување на јавната свест за намалување на користењето на енергија од фосилни горива и промоција на алтернативни извори на енергија не е основа на понудата. Исто така, нема да бидат разгледувани понуди во кои не е вклучено младинско учество.

**Работни задачи и одговорности на понудувачот**

1. Изработка на план на активности кои директно и активно вклучуваат млади во различни активности поврзани со темата на овој повик;
2. Предлог активности за креативно и/или уметничко изразување на млади во вид на уметнички перформанс, ликовен, фотографски, литературен или дигитален конкурс со изложба, во кој ќе може да се вклучат различни категории на млади луѓе;
3. Предлог активности за презентација на ученички или проекти на тимови на млади преку кои се илустрираат и презентираат прототипови на модели или макети со користење на едноставни изработки од техничко образование, микробит, ардуино или разбери пи уреди, мини роботи или слични уреди кои се користат во училиштата или на различни креативни и СТЕМ активности (наука, технологија, инженерство и математика);

4. Предлог активност за презентација на проекти кои вклучуваат обновливи извори на енергија, претставени на јасен, концизен и визуелно интересен начин, погоден за млада публика;
5. Предлог прикази на едукативни информации и содржини кои се поврзани со темата на повикот;
6. Предлог активности за квиз, тестирање на знаење или друга форма на конкурс кој може да има награден карактер и да биде соодветен за младинска публика;
7. Обезбедување соодветна документација на сите чекори во продукцијата на осмислените активности и предложување соодветен модел за споделување на правата за понатамошна дистрибуција и/или изведба на активностите по некомерцијални и комерцијални услови по завршување на проектот.

Детален преглед со опис на работната задача се наоѓа во Анекс 1 од Повикот.

**Временска рамка за доставување на понуда**

Краен рок за пријавување е среда, 3 април 2024 година, до 12:00 часот на електронската адреса: contact@ekosvest.com.mk , со назнака: Пријава за активности кои вклучуваат младинско учество. Пристигнатите прашања од кој било од заинтересираните понудувачи ќе бидат одговорени и објавени на веб-страницата на Еко-свест под објавата за повикот. Пријавите кои ќе пристигнат по наведениот рок или без целосна документација, нема да бидат разгледувани.

Еко-свест ќе го контактира избраниот понудувач, не подоцна од 7 дена од истекот на периодот за доставување на понуда.

**Критериуми за избор на најсоодветна понуда**

По истекот на рокот за пријавување, ќе се креира Комисија од 3 члена, која ќе изврши бодување на пристигнатите понуди.

Бодувањето на пристигнатите понуди ќе се изврши на следниот начин:

- Техничка понуда (70 поени)

- Финансиска понуда (30 поени)

**Потребна документација за пријавување**

Технички дел на понудата:

1. Предлог активности кои ќе се спроведуваат заедно со краток опис, целни групи, предлог број на опфатена популација по активност и начини на вклучување.
2. Портфолио на лицата кои ќе работат во организација на активностите.
3. Потпишани изјави или пред-договори со сите наведени учесници со кои се потврдува нивното учество.
4. Изјава, согласност или пред-договори за регулирање на авторските права.
5. Доказ за претходно исто/слично искуство, заедно со референци од истото.
6. Податоци за контакт на лицето одговорно за пријавата и комуникацијата со Еко-свест.

7. Меморандуми или договори за соработка кои се поврзани со понудата.

Финансиски дел на понудата:

8. Финансиска понуда.
9. Тековна состојба на правниот субјект кој е носител на понудата, не постара од 6 (шест) месеци.
10. Пополнета изјава (Анекс 2)

Доставените материјали остануваат во архивата на Еко-свест.

Од избраниот понудувач, освен горенаведените податоци, ќе се побара да достави дополнителна документација која вклучува тековна состојба/потврда за регистрирана дејност на добавувачот; потврда за солвентност/бонитет; завршна сметка за 2023 (за правни лица); ротврда/информација од Централен Регистар за забрана за вршење дејност и регистар за казни на правни лица; уверение за платени даноци и придонеси; изјави за доверливост и непостоење на конфликт на интереси од страна на избраниот кандидат (физичко лице) или изјава дека ги исплонува критериуме за учество (правно лице); биографии (CV) на консултантите; листа на референци/портфолио.

**Временска рамка за спроведување на активноста**

Периодот на имплементација е помеѓу 15 април и 31 јули 2024 година.

**Буџет**

Максималниот буџет достапен за извршување на горенаведените задачи изнесува 430.500,00 МКД со вклучен ДДВ износ.

Заинтересираните треба да достават понуди во македонски денари, со посебно назначен ДДВ и вкупен износ на понудата. Предложениот буџет треба да биде разложен по клучни ставки од реализацијата. Нема наложен формат за поднесување на буџет и истиот треба да биде предложен од заинтересираните кандидати.

Во предложениот буџет треба да бидат вклучени сите трошоци потребни за целосна реализација, промоција и изведба на активностите, со сите потребни трошоци за сите учесници, без дополнителни трошоци за Еко-свест.

## Анекс 1: Опис на работната задача

**Опис на услугата**

Центарот за истражување и информирање за животната средина „Еко-свест“ од Скопје, во рамки на своите редовни активности, планира низа јавни активности во текот на 2024 година за подигнување на информираноста и свесноста на граѓаните, особено во Битолскиот регион за алтернативите во енергетскиот сектор во регионот, со цел намалување на јаглеродните емисии и зголемување на користењето на обновливи извори на енергија (ОИЕ). Во рамки на активностите насочени кон пошироката јавност планирано е **развивање, продуцирање и изведба на низа активности за млади** од искусна младинска организација, пожелно, но не нужно, од Битолскиот регион, која ќе придонесе за зголемување на свесноста за штетните последици по животот на луѓето, како и животната средина, од работењето на термоцентралите на фосилни горива (јаглен, лигнит, нафта и гас). Предложените активности за млади треба да бидат копродукција помеѓу Еко-свест и ангажираната страна.

**Основни информации**

Центарот за истражување и информирање за животната средина Еко-свест истражува, информира и делува кон унапредување на јавните политики и навиките за одржливо живеење и заштита на животната средина. Нашата визија е праведно, одговорно и совесно општество каде здрави граѓани одржливо живеат во благосостојба и хармонија со животната средина. Своите мисија и визија ги оствруваме преку различни иницијативи кои вклучуваат поддршка и поттик на граѓанската свесност и активно учество на локалните заедници. Промовирањето на практични решенија во соработка со организации и институции, дополнително допринесуваат кон исполнување на нашата визија и мисија. За нашиот успех, доказ се јавните кампањи за подигнување на свеста за климатските промени, заштитата на природата и водите, аерозагадувањето, енергетската транзиција и зелената трансформација кои ги спроведуваме повеќе од две децении и имаат допрено до над 1 милион граѓани.

Проектот во чии рамки се предвидува оваа активност, има цел подигнување на јавната свест за штетноста од користењето на фосилни горива при работењето на термоцентралите, особено во Битолскиот регион. Како алтернативи на производството на енергија од фосилни горива се наведуваат бројни решенија, меѓу останатите се промовираат и фотоволтаичните и ветерните електрани, кои може, а и треба да се поставуваат на необработливо и веќе деградирано земјиште. Македонија располага со доволно деградирани површини за поставување на централи кои ќе работат на обновливи извори (ОИ) за да се задоволат енергетските потреби на целата држава.
Затворањето на јагленокопите и термоелектраните на јаглен не треба да се третира како табу тема. Напротив, треба отворено да се дискутира за плановите на локално и централно ниво и да се разработат практични и реални решенија кои ќе одговорат на социјалниот, економскиот и еколошкиот предизвик во регионот. Со оваа активност, Еко-свест цели да ја иницира токму оваа дискусија и помеѓу младата публика со цел да поттикне едукација и размислување за вистински решенија и реални инвестиции во овој сектор имајќи ја предвид граѓанската благосостојба.

**Цел на услугата**

Развивање, продуцирање и изведба на активности за млади од искусна младинска

организација кои ќе придонесат за зголемување на свесноста кај младите луѓе за штетните последици по животот, како и животната средина од работењето на термоцентралите на фосилни горива.

Младинските активности треба да се организираат и спроведат на јавна локација или простор во општина Битола. Првично предложените младински активности во фазата на разработка и имплементација треба да бидат договорени и одобрени од Еко-свест.

Предложените младински активности треба да бидат осмислени на начин кој ќе биде доволно креативен и интересен за вклучување на што е можно поголем број на млади луѓе од Битола, но и од Пелагонискиот регион, на теми поврзани со различни мерки кои може да ги преземат младите луѓе за намалување на потрошувачката на електрична енергија, размислувања и идеи за подобрување на енергетската ефикасност на различни објекти и слично. Како алтернативна опција која ќе ги замени фосилните горива, се препорачуваат обновливите извори на енергија, односно фотоволтаичните и ветерните централи кои се поставуваат на веќе деградирани површини.

Младинските активности треба да влијаат кон зголемување на информираноста, едукацијата и свесноста на младите за важноста од спроведување соодветен процес на енергетска транзиција, кон капацитети со најмало негативно влијание врз животната средина и напуштање на фосилните горива, вклучително и природниот гас.

**<u>Обем и детален опис на услугата</u>**

За успешна реализација на планираните активности на организацијата во договорениот временски рок, ангажираната младинска организација е потребно да предложи соодветни активности наменети за млади кои може да вклучуваат, но да не се ограничат на активности од типот:

- Изработка на план на активности кои директно и активно вклучуваат млади во различни активности поврзани со темата на овој повик;

- Предлог активности за креативно и/или уметничко изразување на млади во вид на уметнички перформанс, ликовен, фотографски, литературен или дигитален конкурс со изложба, во кој ќе може да се вклучат различни категории на млади луѓе;

- Предлог активност за презентација на ученички или проекти на тимови на млади преку кои се илустрираат и презентираат прототипови на модели или макети со користење на едноставни изработки од техничко образование, микробит, ардуино или разбери пи уреди, мини роботи или слични уреди кои се користат во училиштата или на различни креативни и СТЕМ активности (наука, техника, инженество и математика);

- Предлог активност за презентација на проекти кои вклучуваат обновливи извори на енергија, претставени на јасен, концизен и визуелно интересен начин погоден за млада публика;

- Предлог активности за квиз, тестирање на знаење или друга форма на конкурс кој може да има награден карактер и да биде соодветен за младинска публика.

- Да обезбеди соодветно документирање на сите чекори во продукцијата на активностите и да предложи соодветен модел за споделување на правата за понатамошна дистрибуција и изведба на истите под некомерцијални и комерцијални услови и по завршување на проектот.

Активностите кои ќе бидат договорени и одобрени, ангажираната страна, во координација со Еко-свест, ќе треба да ги промовира преку соодветни медиумски

канали и да обезбеди учество на што поголем број учесници и присутна публика. Ангажираната страна треба да предложи и соодветна јавна локација или простор, како и временски период за реализација на договорените младински активности.

Ангажираната страна за договорените активности ќе треба:

- Најдоцна до 31 јули 2024 година да изготви извештај за сработените активности со информација за активно вклучени млади лица, посетеноста и гледаноста во бројки и по медиуми (социјални, традиционални) и со линкови од објавените продукти кои се предмет на договорот;

- Да одржува консултативни состаноци со лицето назначено за контакт од страна на нарачателот, во термини меѓусебно и однапред договорени (најмалку еднаш месечно);

- Да одржува тесна соработка со останатите вработени во организацијата;

- Извршување на работните задачи во согласност со политиките на Еко-свест и насоките дадени од страна на назначените лица за контакт.

**<u>Временска рамка</u>**

Периодот на имплементација е помеѓу 15 април и 31 јули 2024 година.

**<u>Буџет</u>**

Максималниот буџет достапен за извршување на горенаведените задачи изнесува 430.500,00 МКД со вклучен ДДВ износ.

**<u>Комуникација и надзор на проектот</u>**

Ангажираната страна ќе назначи лице за контакт кое ќе биде одговорно за навремена и точна комуникација и координација со Еко-свест.

Еко-свест ќе биде одговорен за надзорот за напредокот на активноста и почитувањето на договорите и договорените страни.

**<u>Контакт лице</u>**

Контакт лица за проектот ќе биде:

Жарко Конески

Е-маил: zarko@ekosvest.com.mk

Контакт телефон: +389(0)70 38 77 60

**Анекс 2: Изјава од понудувач**

**ИЗЈАВА**

Јас, долупотпишаниот ____________________________ (име и презиме) во функција на овластен застапник на ____________________________(име на правното лице) со целосна морална и материјална одговорност изјавувам дека правното лице кое го застапувам нема ограничувања да биде понудувач во овој повик и дека поконкретно

- → Правното лице не се наоѓа во стечајна постапка, банкрот или судски спор, правното лице нема склучено договор со доверители без можност да ги сервисира обврските кон кредиторите, и истото нема суспендирање на деловните активности на правниот субјект, односно активностите на правното лице не се предмет на постапка во врска со овие прашања или не се во било каква аналогна ситуација што произлегува од слична постапка предвидена во националното законодавство и регулативи;
- → Правното лице и овластениот застапник не се осудени за прекршок по основ на непрофесионално однесување, со пресуда која има сила на *res judicata*;
- → Правното или физичко лице застапник не е обвинето за тежок прекршок и/или недолично професионално однесување, по било кој основ докажано како праведно обвинето;
- → Правното или физичкото лице застапоник не се утврдени за виновни со правосилна пресуда или со правосилна административна одлука за тешко недолично професионално однесување прекршувајќи ги важечките закони и прописи или етичките стандарди апликативни за професионалната област во рамки на која субјектот делува, или соучествувајќи во било какво несоодветно однесување кое има влијание врз неговиот професионален кредибилитет и кога таквото однесување укажува на погрешна намера или груба небрежност, вклучително и особено кое било од следното: измама или небрежно погрешно прикажување на информации потребни за проверка на отсуството на основи за исклучување или исполнување на критериумите за избор или спроведување на договорот, вршење притисок или влијание при процесот на донесување одлука, или обид да се добијат доверливи информации за предности во постапката на набавка;
- → Правното лице ги исполнува обврските за плаќање на придонеси за социјално осигурување на вработените или плаќање даноци согласно законските одредби на земјата во која правниот субјект е основан или со одредбите важечки за земјата каде треба да се спроведе договорот;
- → Правното лице не е предмет на пресуда која има сила на *res judicata* за измама, корупција, инволвираност во криминални дејствија или која било друга незаконска активност штетна за финансиските интереси на организацијата и донаторите.

На ден __________година

Име и презиме на застапникот

Потпис и печат